ПРИЛОГ

Врз основа на член 78-а став (11) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ДОДЕЛЕНИТЕ ЛОКАЦИИ ЗА РЕКЛАМНИТЕ ПАНОА И БИЛБОРДИ ЗА СЕКОЈ УЧЕСНИК ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА, СРЕДСТВАТА КОИ СЕ ПОБАРУВААТ ОД СЕКОЈ УЧЕСНИК, КАКО И СРЕДСТВАТА КОИ СЕ НАПЛАТЕНИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот за извештајот за доделените локации за рекламните паноа и билборди за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник, како и средствата кои се наплатени.

### Член 2

Доделените локации за рекламните паноа и билборди за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник во изборната кампања, како и средствата кои се наплатени се внесуваат на образец „Извештај за доделените локации за рекламните паноа и билборди за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник, како и средствата кои се наплатени за период од _______ до _______ 20____ година”, во А-4 формат, на бела хартија, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 13-3042/1
20 март 2020 година
Скопје

Министер за финансии
д-р Нина Ангеловска, с.р.